**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

**Наш број:** 09-11685/1
16. 11. 2023
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Секретарот на Град Скопје донесе

## ОДЛУКА
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.17/2023 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Виш соработник за европски интеграции, шифра УПР0101В02000, на ниво В2, Одделение за европска интеграција, Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, се избира кандидатот **Ана Крстаноска.**

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## Образложение

На ден 02.11.2023 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.17/2023 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-10835/6 од 10.11.2023 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Виш соработник за европски интеграции, шифра УПР0101В02000, на ниво В2, Одделение за европска интеграција, Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, предложи на Секретарот да го избере кандидатот Ана Крстаноска.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**